British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Организација за дијалог и афирмација на средношколците и студентите

WFD

# Законска регулатива за волонтерството во РС Македонија

Волонтирањето е клучен аспект на граѓанскиот ангажман во РС Македонија. Оваа анализа има за цел да истражи колку младите се запознаени со правната рамка која го регулира волонтерството, како и перцепцијата на младите за општата состојба на волонтерството, и да истакне препораки за подобрување на условите за волонтерство во земјата.

Анкетата за оваа анализа беше споделена со мрежи на граѓански организации, млади активисти, средношколци и студенти на возраст од 15 до 29 години.

## 200 анкетирани млади

**на возраст од 15 до 29 години**







## 146 (73 %) млади некогаш волонтирале

**додека 54 (27 %) никогаш не волонтирале. 78 % од младите волонтирале краткорочно (помалку од 40 часа месечно), додека 22 % волонтирале долгорочно.**

## 67 % од младите сметаат дека нема доволно достапни ресурси за волонтирањето

**додека 19 % од младите сметаат дека има доволно ресурси. Останатите 14 % не знаат.**



British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Организација за дијалог и афирмација на средношколците и студентите

WFD



# Само 34 од 200 млади (17 %) се целосно запознаени со законската регулатива околу волонтерството

**32 % се делумно запознаени, 27 % се малку запознаени, а 25 % воопшто не се запознаени со законската регулатива околу волонтерството**

# 13 % од младите сметаат дека граѓанскиот сектор нуди доволно решенија и можности за волонтерите и волонтерството




**44% сметаат дека граѓанскиот сектор делумно нуди доволно решенија и можности за волонтерите и волонтерството,  додека 33 %, односно 12 % сметаат дека граѓанскиот сектор нуди малку или воопшто не нуди решенија**




# Социјалниот живот, знаењето и вештините се приоритет на младите волонтери

**Младите  имаат подобар социјален живот како придобивка од волонтерството, што позитивно може да влијае на нивното ментално здравје. Како важни приоритети при волонтирањето младите ги сметаат знаењето и релевантните вештини, што може позитивно да влијае на пазарот на трудот и креирањето младински политики.**

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Организација за дијалог и афирмација на средношколците и студентите

WFD




## Само 11 % (22) од младите сметаат дека моменталната законска регулатива ефективно го промовира и го поддржува волонтирањето

**38 % сметаат дека дека таа делумно го промовира и го поддржува волонтирањето, додека 34% сметаат дека малку го промовира и го поддржува волонтирањето. 19 % сметаат дека воопшто не го промовира и поддржува волонтирањето. Од друга страна, за само 17 млади (8,5 %), законската регулатива била пречка за нивното волонтирање**

## 64 % од младите сметаат дека компаниите не го препознаваат и не го вреднуваат волонтерството при вработување

**Останатите (37 %) сметаат дека компаниите го препознаваат и го вреднуваат волонтерството при вработување**




## Само на 39 % од младите волонтирањето им отворило можност за вработување



# Препораки

- Законски да се признае волонтерството како работно искуство при вработување.
- Да се води поефективна евиденција на волонтерството, волонтерите и понудувачите на можности за волонтирање.
- Да се продлабочи соработката меѓу универзитетите, компаниите и институциите за нудење на можности за волонтирање.
- Да се поттикне волонтерството меѓу студентите и средношколците со добивање на дополнителни поени при упис на факултет за волонтирање.
- Да се продолжи со ефективна реализација на постојната правна рамка за волонтерството.
- Да се зголеми свеста на младите за волонтерското ангажирање и создавање на култура на промоција на волонтерскиот ангажман.
- Да се развијат мерки за стимулирање и поддршка на волонтерството во сите општествени сегменти (граѓански организации, институции, образование и слично).
- РС Македонија да се придружи кон европски и светски иницијативи за поттикнување на волонтерскиот ангажман.
- Да се поттикне културата на волонтирање во образовниот систем.
- Да се унапредат капацитетите на институциите за работа со волонтери.

Оваа содржина е подготвена во рамките на проектот „Практикувај демократија" спроведуван од Фондацијата за демократија на Вестминстер, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.